Специјална болница ФИЛИП ВТОРИ    Црвен Крст на град Скопје    HYUNDAI

# МОЕТО СРЦЕ ВО СИТЕ БОИ



# БОЕНКА





Д-р Митрев за децата

Можеби досега веќе сте виделе цртеж на срце во некоја книга. И да не е така, тоа не е страшно. Сигурен сум, сите ВИЕ сте слушнале и знаете дека во секој од нас "чука" по едно срце. Тоа неуморно работи кога се одмараме, играме, учиме, па дури и кога спиеме. Да му помогнеме со знаење и умеење во тоа.

Срцето ја има главната моторна сила која ја движи крвта низ целото тело.

Тоа е сместено на посебно место. Се наоѓа во предниот дел на градниот кош, зад градната коска помеѓу двете белодробни крила.

Од голема важност за нашето здравје е да научиме доволно да го сакаме и да го почитуваме срцето. Кога тоа го знаеме ќе умееме да се грижиме и да го чуваме.

Овој орган има своја градба. Го сочинуваат четири шуплини: две предкомори и две комори. Има и четири залистоци.

Засега нема да го изучуваме овој многу важен човечки орган, туку ќе се запознаваме и ќе осознаваме за него низ дружење и игра.

Ја направивме оваа Боенка за ВАС, за да Ви помогне во тоа. Нека ова биде првиот заеднички чекор во најдолгиот марш ,,Негување на здрав и квалитетен живот,,. Тоа е најодговорната задача пред сите нас и како луѓе и како професионалци.

Во еден динамичен свет на живеење Црвениот крст се обидува да ги поттикнува индивидуалните и заеднички вредности кои го поддржуваат почитувањето на другите луѓе и да ја поттикнува желбата за заедничка работа за да се изнајдат решенија за проблемите во заедницата.

Оваа БОЕНКА ќе даде придонес кон подигање на свеста кај јавноста , нејзината здравствена едукација како и желбата сите заедно да придонесеме за еден поинаков свет во кои сите ние ќе се чувствуваме безбедно и среќно.

Црвен крст на град Скопје
Сузана Тунева Пауновска
Секретар

За Вас, драги дечиња...

Велат, срцето е носечкиот орган кој ги овозможува човековите функции.. Но, што ако кон срцето се осврнеме како кон иницијатор на најважната и најкарактеристичната човекова особина – а тоа е можноста да се чувствува, да се љуби и да се дарува. Тогаш, срцето не е повеќе само човеков орган, туку срцето тогаш станува едно големо царство исполнето со вашата љубов кон најмилите, со родителската грижа која ја чувствувате и со пријателската љубов и разбирање која потекнува од луѓето кои тукушто ќе ги запознаете.

Нека вашите големи срца бидат секогаш полни со љубов, а светот нека биде ваше поле на дејствување во кое во наредниот период ќе се слушнат и забележат вашите големи животни достигнувања.

Срдечни ваши,
Кореа Ауто Трејд
(Ексклузивен дистрибутер на Hyundai возила на Македонија).

го движиме светот ЗАЕДНО

HYUNDAI




СЕКОГАШ КОГА МОЖЕШ ПОГАЛИ ГО ТВОЕТО СРЦЕ,
ТОА МОЖЕШ ДА ГО НАПРАВИШ СО ТВОЕТО РАЧЕ.
ПОДАРИ МУ ДОБРА И ОХРАБРУВАЧКА МИСЛА!

Замисли го и нацртај го твоето срце!
Обој го!
Дозволено ти е да боиш со боичка каква ти сам/а ќе си одбереш.
Ова е твој цртеж, затоа направи онака како што ти мислиш и чувствуваш.
Тука нема точно и погрешно.



*Седни  онака како што тебе најмногу ти одговара. Чувствувај се опуштено.*
*Диши рамномерно и станувај свесен/свесна,  како воздухот стигнува во твоите гради. Само опуштај се и диши.Чувствувај се. Диши рамномерно и длабоко. Додека дишеш низ твоето главче нека провејува следнава мисла:*
***,,Моето срце работи токму онака како што му е потребно на мојот организам.,,***



*Сега, откако ја заврши вежбата, на остатокот од листот,*
*најпрвин, избери боичка, а потоа нацртај нешто.*
*Може да нацрташ што сакаш.Обој го тоа што го нацрта!*



*Секогаш кога си во можност, обрни внимание на твоето дишење.*
*Диши!*
*Диши мирно и длабоко!*
*Земи воздух!*
*Задржи: 1, 2, 3.*
*Добро.*
*Издиши!*
*Не пропуштај ја шансата кога ќе можеш, тоа да го правиш во природа.*
*Зошто??? Преку дишењето со помош на кислородот му помагаме и го храниме нашето срце и сите други органи!*
*Замисли ја природата. Таа има своја боја, свој мирис...*
*Нацртај ја и обој ја!*

*Нацртај ја твојата дланка со боичка што сам/а ќе ја одбереш.*
*Обој ја!*
*Погледни убаво!*
*Свртена кон тебе, како да бара да и кажеш која е тојата желба?*
*Можеш да избереш: нацртај, обележи со некој знак или напиши!*
*Виде од претходната слика, истото го направиле и некои твои врсници.*
*Да, направи токму онака како што ти чувствуваш! Ова е твојата ДЛАНКА НА ЖЕЛБИТЕ. Одбери ја желбата која во моментот сметаш дека ти е најважна.*






*ОБОЈ ЈА КУЌАТА*

*Деловите означени со Ц се делови каде тече крв богата со кислород.*
*-Обој ги овие делов со ЦРВЕНО*

*Деловите означени со П се делови каде тече крв сиромашна со кислород*
*-Обој ги овие делови со ПЛАВО*

**Специјална болница за Кардиохирургија´ФИЛИП 2´**
**www.cardiosurgery.com.mk**

# СРЦЕТО КАКО КУЌА

***Срцето се состои од:***
***4 СОБИ***(коморите)
***4 ВРАТИ***(валвулите)
***4 ГОЛЕМИ ХОДНИЦИ***(Кр.садови)
***4 МАЛИ ХОДНИЦИ***(Кр. садови)

***СОБИТЕ***(коморите)

**Срцето има две мали соби**
Десната преткомора е собата десно
Левата преткомора е собата лево

Крвта која се враќа назад од телото оди во десната преткомора
Крвта која се враќа од белите дробови оди во лева преткомора

**Срцето има 2 големи соби**
Десната комора се наоѓа десно
Левата комора се наоѓа лево

Десната комора ја пумпа крвта во бел. дрбови каде ќе се оксигенира
Левата комора ја пумпа крвта со кислород во целото тело

***ВРАТИТЕ***(валвулите)

Сите врати се отвараат во еден правец.
**Трикуспидната** валвула е врата меѓу десна преткомора и десна комора
**Пулмоналната** валвула е врат меѓу десна комора и пулмонална артерија
**Митралната** валвула е врата меѓу лева преткомора и лева комора
**Аортната** валвула е врата меѓу лева комора и аорта.

***ХОДНИЦИТЕ***(големите садови)

Има 2 големи и 4 мали влезни ходници
**Горната шуплива вена** е голем ходник кој ја носи крвта назад од главата и горен делна тело во десна преткомора
**Долната шуплива** вена ја носи крвта од долниот дел на телото
**4 пулмонални вени** ја носат крвта од белите дробови во лева преткомора
Има 2 големи излезни ходници
**Аортата** ја разнесува крвта низ цело тело
**Пулмоналната артерија** ја носи крвта во белите дробови



















# БОЕНКА

